ЗАПИСНИК
од 2-та седница на Комисијата за социјална заштита и социјална инклузија при ЗЕЛС
Скопје, 20 февруари, 2025 г.

Присутни: Бобан Стефковски, градоначалник на Општина Гази Баба, Ридван Ибраими, градоначалник на Општина Арачиново, Борче Јовчески, градоначалник на Општина Прилеп, Горан Герасимовски, градоначалник на Општина Центар, Вишна Шорова Ангелова, секретар на општина Штип и Снежана Новаковска секретар на Совет за социјална заштита во Општина Тетово и Халиме Рустеми, претседател на Совет за социјална заштита во Тетово

Отсутни: Максим Димитриевски, градоначалник на Општина Куманово, Марко Колев, градоначалник на Општина Велес, Горан Трајковски, градоначалник на Општина Делчево и Митко Јанчев, градоначалник на Општина Кавадарци

На комисијата беа поканети и присуствуваа Душан Томшиќ, консултант за децентрализација во социјалната заштита, Александра Георгиевска, меѓународен консултант за социјална инклузија и Боран Иваноски, проектен директор во НАЛАС

Седницата на Комисијата за социјална заштита и социјална инклузија го имаше следниов дневен ред:

ДНЕВЕН РЕД

1. **Информирање за прогресот со активности за застапување за децентрализација на социјалната заштита во рамките на проектот " Регионална соработка за подобри социјални услуги на локално ниво"**

2. **Презентирање на документите изработени за потребите за застапување на темата социјална заштита пред централните власти**

3. **Презентирање на главните предизвици и препораки**

4. **Дискусија по следни чекори**

5. **Предлог за номинирање на членови од Комисијата за социјална заштита и инклузија за застапување и вклучување во тела кои би се формирале во соработка со Министерството за социјална заштита, демографија и млади**

6. **Разно.**

По констатирање на точките од дневниот ред за седницата, претседателот на Комисијата за социјална заштита и социјална интеграција Бобан Стефковски предложи да се презентираат наодите од анализата за децентрализација на социјалната заштита со фокус на Центрите за социјална заштита во Р.С.Македонија и Компаративната анализа за децентрализација во четири земји од регионот од страна на консултантот Душан Томшиќ, а понатаму да се отвори дискусија по нив и да се разговара за понатамошните чекори за формирање на работна група која ќе ги води преговорите со ресорното министерство и Владата на заеднички утврден

модел за децентрализација на социјалната заштита со фокус на ЦСР. Експертот за децентрализација на социјалната заштита, Душан Томшиќ кој ги правеше двете анализи: Анализа на процесот на децентрализација во социјалната заштита со фокус на Центрите за социјална работа во Македонија и Копмаративната анализа на процесот на децентрализација на социјалната заштита и социјалните услуги во Република Србија, Република Бугарија, Република Српска и Косово ги презентираше наодите од двете анализи и препораки кои произлегуваат од нив за евентуалните модели кои може да се применат кај нас. Тој изнесе генерални заклучоци во однос на структурата и организираноста на социјалната заштита како во општините така и во Центрите за социјална работа осврнувајќи се на недостатокот од човечки капацитети, но и потребата од повеќе финансиски средства за социјални услуги. Тој потенцираше дека социјалните услуги преку Дневните центри(33) треба да се управуваат од локалните самоуправи кои и најдобро ги познаваат потребите на ранливите групи во општината. Изнесе препораки дека децентрализацијата треба да продолжи и надлежноста фазно да се префрла на општините со соодветни финансиски средства. Исто така даде насоки како би се одвивала таа фазна децентрализација по примери од регионот. Потоа беше отворена дискусија при што претседателот на Комисијата изнесе негови видувања за можните сценарија за преговарање со централните власти на оваа тема и тоа: формирање на посебни одделенија за социјална заштита во општините, пренесување на управувањето на Дневните центри на општините по претходно утврдена Методологија, понатаму услугата помош и нега од друго лице согласно Правилникот да се префрли на општината и сето тоа да биде со избор на пилот општини. Тој подвлече дека мора внимателно да се гледа на овој процес и доколку треба да се направат и дополнителни анализи за да се изнајде најдобриот модел со кој ќе се преговара со централните власти. Извршната директорка на ЗЕЛС, Душица Перишиќ истакна дека треба похрабро да се води овој процес и да се фокусира на децентрализирање на Центрите за социјална работа следејќи го примерот со децентрализација во надлежноста образование. На ова се надоврзува Боран Ивановски, програмски директор од НАЛАС дека анализите кои се направени треба да се дополнат со препораки или заклучоци дали има можности и кои се тие за децентрализирање на ЦСР. Градоначалникот од Прилеп, Борче Јовчески истакна општината се соочува со немање процедури или модели од ресорното министерство за основање на некои социјални услуги и дека многу често наидуваат на несоработка од ова министерство. Тоа го потврди и секретарот на Општина Штип, Вишна Шорова која истакна дека тие иако одвојуваат доста средства за развој на социјални услуги во општината сепак наидуваат на некооперативност, крутост и нефлексибилност од вработените во министерствата и дека тие социјални услуги се уште не се во функција од тие причини. Таа додаде дека доколку таа надлежност се префрли на општината полесно ќе течат процесите. Понатаму истакна на предизвикот од немање на соодветен кадар за работа за испорака на социјални услуги. Тоа е предизвик и во другите општини.

На крај сите се согласија дека треба на овие документи да дадат мислење сите општини и после тоа консултантот да достави модели кои понатаму ќе бидат разгледувани и дискутирани со Министерство за социјална политика, демографија и млади и со Владата.

Скопје, 20 февруари, 2025 година

Комисија за социјална заштита и

социјална интеграција при ЗЕЛС

Претседател

Бобан Стефковски